# ПРЕДАНИЕ И ОПШТЕСТВО

Зборник на трудови од Првиот и Вториот
Светиклиментов научен собир
(2017 и 2018)

Скопје 2019

Ѓоко Ѓорѓевски

# ГРИЖАТА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НИЗ ПРИЗМАТА НА БИБЛИЈАТА И НА ЦРКВАТА

Со продлабочувањето на еколошката криза, сè поактуелна станува и темата за односот на човекот кон природата; колку тоа начинот на современото живеење влијае врз продлабочувањето на еколошките проблеми и дали со соодветна сериозност им се пристапува на прашањата за односот на човекот кон животната средина. Сè позагадената природа значително придонесува за нарушениот еколошки баланс, а човекот со своето однесување се посочува како главен виновник, но воедно и како клучен актер во разрешувањето на постоечките проблеми, коешто најнапред подразбира интензивно развивање на еколошката свест и совест.[1] Токму затоа, во тоа делување во насока на запазување на животната средина подеднакво се повикани сите општествени чинители, вклучително и Црквата, како и другите верски заедници.

Црковниот став по ова прашање се заснова врз Светото писмо, кое е ризница на различни искуства и поуки, коишто може да влијаат и да го насочат однесувањето на човекот кон природата и нејзините ресурси. А во Библијата, за односот на човекот кон природата се говори многу. Уште на првите нејзини страници се прикажува создавањето на светот од страна на Бога и неговото предавање во рацете на човекот како господар на сето создание (1Мојс 1,26-27). Светото писмо сведочи за светотаинските димензии на животот и на светот; човекот како ’микрокосмос‘ треба да ја варди природата, да ја зачувува и да Му ја принесува во дар на-

[1] Сп. Христо Јанарас, „Еколошко питање: егзистенцијални а не канонски проблем“, *Теолошки погледи* 31 (1998) 85.

зад на Бога. Затоа и богољубивиот псалмопејач со воодушевување извикува: „Небото е Господово небо, а земјата Тој им ја даде на синовите човечки“ (Псалм 113,24). Човекот е дел од светот и има одговорност да се грижи за запазувањето на редот и да го коригира нарушувањето на хармонијата на природата во светот, па дури и во вонредни услови. Во Мојсеевото Петокнижие (5Мојс 19) се препорачува: „Кога опсадуваш долго време некој град, за да го преземеш и завладееш, не сечи ги дрвјата негови, кои се во шумата, туку користи ги плодовите нивни за храна, и не опустошувај ја околината, бидејќи дрвото во полето не е човек, за да избега од тебе во тврдината“.

Посебно внимание во овој контекст би посветиле на еден текст, забележан уште во првата глава од Библијата, во описот на Шестодневот, кога веднаш по завршувањето на создавањето, Бог го благословува човекот и сето создание со зборовите: „Плодете се, и множете се, и наполнете ја земјата, и господарете над неа, и овладајте ги морските риби (и ѕверовите), и небеските птици (и секаков добиток, целата земја), и сите животни што лазат по земјата!” (1Мојс 1,28). Овде за прв пат Бог зборува со некого*, односно дури на првите луѓе Бог им се обраќа со збор* (1,28: „и им рече“; 1,29: „ете, јас ви давам...“). Ова сака да каже дека човечкиот живот, од својот почеток, е дијалог со Бога. Според текстот, човекот може да се разбере единствено и само во поврзаност со Бога и преку својот животен однос со својот Создател.[2]

„Бог ги благослови и им рече: плодете се и множете се и наполнете ја земјата и господарете над неа“ (1,28). Во актуелниот контекст на еколошка сензибилност, овој стих предизвикува бројни контроверзии и често е осудуван како антиеколошки и штетен текст. Тоа е заради погрешното разбирање и промашување на вистинската порака, сфаќајќи ја како дозвола на човекот од Бога за неограничена власт над земјата и животните, власт да „господари“ над животните и да ја „искористува“ земјата.[3] Тоа би значело дека оваа Божја заповед не само што ги дозволува, туку и ги предизвикува сите денешни катастрофи и еколошки трагедии?! Дали тоа значи дека Библијата го благословува суровото искористување на земјата!?

[2] Ѓоко Ѓорѓевски, *Пентатеух, Толкување на избрани текстови од Мојсеевото Петокнижие*, Скопје 2009, 52–53.

[3] Adalbert Rebic, *Stvaranje svijeta i čovjeka*, Zagreb 1996, 65.

Најнапред, не треба да се изуми дека власта дадена на човекот не е апсолутна, туку лимитирана власт. Посебно во пророчките книги (Ез 34,4) Бог ги осудува пастирите и царевите кои „владеат со свирепост“, а и во законите им се забранува на господарите да се однесуваат со бруталност и со суровост кон своите потчинети (3Мојс 25, 43.46.53).

Значи, јасно е дека човекот добива власт над земјата и животните, но во Библијата власта на човекот секогаш е ограничена и имплицира сериозна одговорност пред Бога. И покрај тоа што не се вели експлицитно, пораката е дека човекот треба да владее на ист начин на којшто Бог владее над целото создание: со милостива праведност и со љубовна грижа. Токму во оваа власт човекот се покажува како образ Божји. Така размислува и Златоуст кога вели: „Кога (Бог) рекол: „да создадеме човек според наш образ и подобие“ (Господ) тука не запрел, туку ни објаснил зошто го употребил зборот „образ“. Бидејќи понатаму вели: „и нека владее (човекот) со рибите морски и птиците небесни...“. Значи (Господ) го користи зборот „образ“ во врска со власта, а не со нешто друго, бидејќи Тој го создаде човекот како владетел над сѐ на земјата и на земјата ништо нема што е поголемо од него, туку сѐ пребива под негова власт“.[4]

И покрај спомнативе библиски текстови, некои забележуваат дека Светото писмо сепак недоволно посветува внимание на еколошкиот проблем. Најнапред, да не се изуми дека начинот на библиското размислување не ја користи денешната вообичаена систематизирана обработка и презентација на определена тема. Токму затоа и оваа тема, како што видовме, е присутна (некаде експлицитно, многу повеќе имплицитно) и е третирана соодветно на тогашните животни услови, далеку од денешната сериозна загрозеност на природата и нејзините ресурси. Потоа, во библискиот период човекот се чувствува како вистински дел од природата, ја препознава својата зависност од неа во својот однос кон неа, а, од друга страна, пак, тогаш ги нема уништувачките средства, кои ги поседува денешното човештво, а кои очигледно влијаат врз нарушувањето на природниот еквилибриум.

---

[4] Свети Јован Златоуст, „Омилија седма“ во *Нека буде светлост, Шестоднев, Тумачење књиге Постања*, Београд 1998, 70.

Исто така, библиската традиција не може и не знае како да ги одвои праведноста и екологија, поделбата и почитта на земјата, грижата за природата и грижата за праведен живот. Социјалното прашање и еколошкиот проблем се два аспекта од една иста ургентност: човекот треба да тежнее да го надмине безредието и да ја урамнотежи волјата за моќ, за да владее со правда, во мир и хармонија. Квалитетот на животот на човекот зависи од животот на космосот, од кој човекот е дел, и во кого се наоѓа неговиот дом (инаку οἶκος од екологија, освен што значи амбиент, првичното значење му е токму „дом"). Човекот е дел од тој свет и има одговорност да го заштитува и пази.

Во таа насока, да се потсетиме и дека старозаветната библиска мудрост главно се базира врз следново начело: мудар е оној кој животот го раководи со праведност, а тоа значи во хармонија, – и со природата, – и со другите луѓе. Па така, грижата за светот и природата не е работа на избор, туку на зададена одговорност. Не може да се почитува Бог, а да се уништува Божјото создание.

Имајќи ги предвид овие библиски размислувања, од исклучителна важност е да се практикува тоа што е применливо како еколошко начело во секојдневниот живот, што значи конкретна грижа за природата и околината. Обичниот верник, од позиција на член на Црквата, обично нема (или исклучително ретко има) можност да влијае врз одлуките кои водат до капиталните антиеколошки одлуки. Но, затоа пак, не е ослободен од одговорноста за дејствување и активно вклучување во постапки и акции, вклучително и секојдневното однесување кое побарува посебна грижа кон околината.[5]

Последниве дваесетина години еколошкото прашање е често поставувана тема на бројни светски форуми, па веројатно тоа беше причина да му се овозможи соодветен простор и место, како во пораките, говорите, така и во произнесувањето на повеќе официјални црковни ставови и размислувања. Пример за тоа е и Вселенскиот патријарх Вартоломеј, кој заради своите бројни активности на тоа поле е наречен и „зелениот" патријарх.

Неопходно е да се истакне дека и во еден од документите од Критскиот собор во 2016 година, кој е последното највисоко собрание

[5] Сп. Митрополит Пергамски Јован, „Наука и екологија: теолошки пристап", *Теолошки погледи* 31 (1998) 80.

на Православните цркви, се говори и за еколошкиот проблем. Во документот**:** Мисија на Православната црква во современиот свет (*Придонесот на Православната црква за преовладување на мирот, правдата, слободата, братството и љубовта меѓу народите и укинувањето на расните и други дискриминации*), во 6-то поглавје (*Мисијата на Православната Црква како сведочење на љубовта во служење*), точка 10 се вели:

„Непрестајната жед за зголемување на стандардите и претераната потрошувачка неизбежно доведуваат до несразмерна употреба и исцрпување на природните ресурси. Творението кое Бог го создал и кое на човекот му е дадено да го „*обработува и чува*“ (сп. 1. Мој. 2, 15), трпи последици од човечкиот грев: „Зашто созданието ѝ се покори на суетата, но не доброволно, туку по волјата на Оној, Кој го покори, а со надеж дека и самото создание ќе се ослободи од ропството на распаѓањето при славното ослободување на чедата Божји. Оти знаеме дека сите созданија заедно со нас воздивнуваат и тажат досега (Рим. 8, 20-22).“[6]

Еколошката криза, која стои во врска са климатските промени и претераното загревање на планетата, претставува приоритетен долг за Црквата, та, со духовните средства кои ги поседува, да придонесе за чувањето на творбата Божја од човечката незаситност. Користољубието заради задоволување на материјалните потреби доведува до духовно осиромашување на човекот и уништување на животната средина. Не треба да се заборави дека ова природно богатство на земјата не е сопственост на човекот, туку на Творецот: „Господова е земјата и полнотата нејзина, вселената и сите кои живеат во неа“ (Пс. 23, 1). Православната Црква на тој начин ја нагласува заштитата на творбата Божја преку негување на човековата одговорност кон од Бога дадената природна средина и истакнувањето на добродетелите на штедливоста и воздржанието. Должни сме да се потсетуваме дека немаат само денешните генерации право на природните добра кои нам ни ги подарил Творецот, туку и идните.

[6] „The Mission Of the Orthodox Church in Today’s World“, *The contribution of the Orthodox Church in realizing peace, justice, freedom, fraternity and love between peoples, and in the removal of racial and other discriminations.* https://www.holycouncil.org/-/mission-orthodox-church-todays-world